Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 149/0306
26.07 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28.06.2023 година, врз основа на примена жалба од Ана Поп Михајлова ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „Култура - Ситни души во БМ", објавен на 17 мај 2023 на интернет-порталот Радио Кочани.мк, не отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 22 мај 2023 година, Ана Поп Михајлова поднесе жалба за објавата под наслов „Култура - Ситни души во БМ“ објавена на порталот (radiokocani.mk) на 17 Мај 2023 година.

Во жалбата се наведува дека Илија Стефановски вработен како новинар во Радио Кочани го користи медиумот за лични потреби и се однесува невнимателно и неетички како новинар преку неговите објави и дека изнесува лажни наводи и клевети против в.д. директор на Национална установа, а во корист на негова блиска личност - сопруга.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Радио Кочани.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од „Радио Кочани.мк“ ја отфрлија жалбата како неоснована. Оттаму појаснуваат дека изнесените наводи во „оспорениот“ текст се темелат на проверени информации, факти и вистини и дека на Ана Поп Михаилова, вршител на должноста директор во Националната установа Центар за култура „Бели мугри“ од Кочани и подносител на жалбата до Комисијата за жалби во СЕММ, на radiokocani.mk , и е објавен демант, што значи не и одземено правото да го каже своето мислење. Исто така, од Радио Кочани истакнуваат дека се работи за тема од јавен интерес бидејќи Центарот за култура „Бели мугри“ е Национална установа и нормално е директор да се бира на јавен конкурс а тоа не се прави веќе 45 месеци.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и со мнозинство гласови одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 28 јуни 2023 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Еден член на Комисијата сметаше дека е прекршен членот 13, бидејќи медиумот ги меша фактите и мислењата и го користи медиумот

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

за непотистички цели односно пишува текст во корист на неговата сопруга и обвинува за лошо работење како директор на установа.

Мнозинството членови сметаа дека нема ништо спорно во објавата, дека самиот текст е објавен во форма на коментар, дека има судир на интерес бидејќи неговата сопруга е вработена во локалната институција од културата но сепак јавниот интерес е поголем, дека се работи за јавен функционер кој треба да биде пофлексибилен на критиката од медиумите и дека е објавен демант од жалителот со што е испочитуван член 3 од Кодексот на новинарите.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595